CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ИНДЕКС НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2017

ИНДЕКС НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2017

Издава:
**Центар за граѓански комуникации**

Автори:
**Герман Филков, Сабина Факиќ и Марко Митевски**

Лектура:
**Татјана Б. Ефтимоска**

Ликовно-графичко обликување:
**Polyesterday**

Печати:
**Polyesterday**

Тираж:
**250 примероци**

**Бесплатен/некомерцијален тираж**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

35.07(497.7)"2017"(047)

ФИЛКОВ, Герман
Индекс на активна транспарентност 2017 / [автори Герман Филков, Сабина Факиќ и Марко Митевски]. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2017. - 20 стр. : граф. прикази ; 28 см

Содржи и: Прилози

SBN 978-608-4709-59-6
1. Факиќ, Сабина [автор] 2. Митевски, Марко [автор]
а) Јавна администрација - Транспарентност - Македонија - 2017 - Извештаи
COBISS.MK-ID 103461898

**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за граѓански комуникации и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или на организациите што ја спроведуваат.**

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

# ИНДЕКС НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2017

Скопје, мај 2017 год.

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

# СОДРЖИНА

5 | ВОВЕД
6 | РЕЗИМЕ
7 | МЕТОДОЛОГИЈА
8 | ВКУПНО РАНГИРАЊЕ СПОРЕД ИНДЕКСОТ НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
16 | ПРИЛОЗИ: ПРАШАЛНИЦИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ
16 | 1. Прашалник за истражување на активната транспарентност на министерствата и на Владата на РМ за изработка на Индексот на активна транспарентност
17 | 2. Прашалник за истражување на активната транспарентност на Министерството за финансии за изработка на Индексот на активна транспарентност
18 | 3. Прашалник за истражување на активната транспарентност на општините и на Град Скопје за изработка на Индексот на активна транспарентност

## Кратенки

| | |
|---|---|
| МВР | Министерство за внатрешни работи |
| МЕ | Министерство за економија |
| МЖС | Министерство за животна средина |
| МЗ | Министерство за здравство |
| МЗШВ | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација |
| МК | Министерство за култура |
| МЛС | Министерство за локална самоуправа |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МО | Министерство за одбрана |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |

# ВОВЕД

Под 'активна транспарентност' се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации. Наспроти тоа, во случаите кога до институцијата се доставува барање за одредена информација, станува збор за 'реактивна транспарентност'.

Потребата од проактивното објавување информации произлегува оттаму што на тој начин се обелоденуваат:

- информации за регулативата и за одлуките на властите, со што се остварува правото на граѓаните да бидат информирани за своите права и обврски во општеството;
- информации коишто им се потребни на граѓаните за да бараат одговорност од властите;
- информации коишто им се неопходни на граѓаните за да можат да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и
- информации коишто им се потребни на граѓаните за да можат да пристапуваат кон услугите што ги нудат јавните институции.

И самата институција којашто објавува информации врз проактивна основа остварува корист по неколку основи:

- активната транспарентност ѝ помага на институцијата да биде поодговорна во трошењето на јавните пари;
- на тој начин институцијата ги промовира принципите на добро владеење и интегритет и
- институцијата е поефикасна бидејќи подобро управува со информациите со коишто располага.

Се чини дека развојот на техниката и технологиите одат рака под рака и ја помагаат активната транспарентност на институциите бидејќи начините за дистрибуција на информациите кои ги поседуваат институциите, а кои се од корист за граѓаните, се побројни и полесно достапни.

Законската основа за активната транспарентност на институциите се наоѓа во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Овој закон, освен што пропишува обврска до институциите да одговорат на барањата за пристап до информации од јавен карактер, содржи и одредби за проактивно објавување на информации, односно за самостојно објавување информации.

Натаму, низа други закони пропишуваат обврски за институциите да објавуваат информации врз проактивна основа. Станува збор за одредби во Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.

Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката. Се смета за добра практика во светот кога една институција ги прави достапни до сите граѓани одговорите на прашањата што почесто ги добива во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Доброволно објавените информации им помагаат на граѓанските организации и на истражувачките новинари да изработуваат и да објавуваат истражувања кои им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, своите права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките кои се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што им ги нуди државата.

Во принцип, една институција може проактивно да ги објави сите информации со кои располага, освен оние за кои во законот постојат исклучоци.

Активната транспарентност е релативно нов поим во светот. Оттука, не постојат ниту некои пропишани стандарди за тоа – кои сè информации, освен оние пропишани со закон, институциите треба да ги објавуваат. Сепак, анализата на практиката од многу земји упатува на некои „минимум" информации кои една институција треба да ги објавува како дел од активната транспарентност.

Кога објавуваат проактивно одредени информации, институциите треба да се раководат од тоа начинот на којшто ги објавуваат информациите да биде исплатлив и ефективен, односно да биде лесно достапен за најширок круг на граѓани. Исто така, искрената активна транспарентност подразбира институцијата да ги информира граѓаните и заинтересираните страни за објавените информации и да го поттикнува пристапот до нив и нивното користење.

Проактивно објавените информации треба да бидат лесно достапни и разбирливи, да можат да се употребат, да бидат релевантни (во соработка со граѓанските организации и новинарите може да се провери кои се релевантни информации) и да се ажурираат редовно.

Врз основа на сево ова, Центарот за граѓански комуникации изработи детална методологија за сеопфатно истражување кое го мери степенот на активна транспарентност на државните институции во Македонија. Идејата на ова истражување и на рангирањето на институциите во т.н. Индекс на активна транспарентност е да им се помогне на институциите околу тоа кои информации треба да ги објавуваат и да се поттикнат да ги објавуваат тие информации.

# РЕЗИМЕ

Општото ниво на активната транспарентност во Македонија во 2017 година е ниско. Процентот на исполнетост на обврските за активно објавување на информациите кај сите 97 вклучени институции изнесува 42,5% (од можни 100%). Степенот на активна транспарентност во 2017 година е намален во однос на 2016 година (кога просечно изнесуваше 45%).

Според градацијата на активната транспарентност, најмногу институции, 35%, има во групата со 'просечна' активна транспарентност, а најмалку, 3%, во најдобрата група, онаа со 'многу добра' активна транспарентност.

Генерално, општините стојат подобро од министерствата и од Владата според нивната активна транспарентност. Општините се наоѓаат на првите 7 места од ранг-листата, а најдоброто министерство се наоѓа на 8.-то место. Сите 3 институции во најдобрата група, онаа со 'многу добра' активна транспарентност, се општини. Сепак, министерствата имаат значително подобар напредок во 2017 г. од општините.

Во однос на одделните области на активната транспарентност – институциите објавуваат најмногу информации од областа на пристапот до информации, а најмалку од областа на буџетската и финансиската транспарентност.

Во однос на регионите, според просечните резултати, најдобро стои пелагонискиот регион, а најслабо – полошкиот.

79% од вклучените институции одговорија на барањето за слободен пристап до информациите од јавен карактер што им беше испратено ист ден и со иста содржина. Притоа, 58% од сите институции одговорија на барањето во максималниот законски рок од 30 дена, 22% го испратиле одговорот со задоцнување, додека 20% воопшто не испратија никаков одговор.

> Под 'активна транспарентност' се подразбира објавувањето информации на сопствена иницијатива на институциите, без притоа некој да има доставено до нив барање за пристап до тие информации.
>
> Законската основа за активната транспарентност на институциите се наоѓа пред сè во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, но и во низа други закони, како што се Законот за локалната самоуправа, Законот за буџетите, Законот за јавен долг, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и др.
>
> Освен од регулативата, активната транспарентност произлегува и од практиката, односно кога една институција ги прави достапни до сите граѓани одговорите на прашањата што почесто ги добива во форма на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Во однос на 2016 година, намалено е општото ниво на активна транспарентност на институциите:**

- просечната транспарентност во 2017 година од 42,5% е намалена за 2,5 процентни поени во однос на 2016 година, кога изнесуваше 45%;
- бројот на институции рангирани во првата група со `многу добра` активна транспарентност е намален од 4 во 2016 година на 3 во 2017 година;
- бројот на институции рангирани во последната група со `многу слаба` активна транспарентност е зголемен од 12 на 18;
- процентот на институции кои одговорија на барањето за слободен пристап е намален од 83% на 79%, а процентот на институциите кои на барањето одговорија со задоцнување е зголемен од 17% на 22%;

просечниот број денови во кои е добиен одговорот е зголемен од 15 во 2016 година на 20 денови во 2017 година.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето е спроведено врз основа на претходно изработени методологија и структурирани прашалници за состојбата на исполнетост на обврските за активно објавување на информациите на интернет-страниците на институциите.

Основа за изработката на прашалниците претставуваа законските обврски што ги имаат институциите за објавување информации од разни сфери кои се од важност за граѓаните и кои влијаат врз нивните животи и работењето. Во оваа смисла земени се предвид, пред сè, обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и оние обврски од други закони кои се однесуваат на трошењето јавни пари.

И во 2017 година, како и во 2016 година, истражувањето е направено на институциите кои се директни носители на власта на централно и на локално ниво, односно на Владата на РМ, министерствата и локалните власти, односно општините и градот Скопје.

Имајќи ги предвид различните обврски за активно објавување информации на властите на национално и на локално ниво (општините имаат далеку поголеми обврски во оваа смисла), истражувањето се спроведува врз основа на два прашалници. Едниот прашалник е за министерствата и за Владата на РМ, а другиот е за единиците на локалната самоуправа, односно за општините и за градот Скопје. Притоа, прашалникот за Министерството за финансии содржи повеќе прашања, во согласност со повеќето обврски за објавување информации за ова министерство во однос на другите.

Во зависност од важноста, степенот и обемот на објавените информации на интернет-страниците на институциите што се истражуваа, за секое прашање се доделуваат бодови. Освен преку истражување на исполнетоста на обврските за објавување информации според прашалникот, како дел од истражувањето се испрати исто тест-барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до сите вклучени институции во истражувањето, заради оценување на навременоста и целосноста на добиените одговори. Максималните бодови што може да ги добие едно министерство се 42, Владата на РМ може да добие максимум 40 бодови, Министерството за финансии 48, а општините и град Скопје 67.

Истражувањето се спроведе од 15 до 30 март 2017 година. Финалното рангирање на институциите е извршено според степенот (процентот) на исполнување на обврските, т.е. индексот на транспарентност, којшто се добива како однос меѓу бројот на доделени бодови и вкупниот број на можни бодови. Притоа, 0 е најнизок ранг, а 100 највисок.

Активната транспарентност на институциите е поделена во пет групи, во зависност од степенот на исполнетост на обврските. Институциите со 80-100% исполнетост се рангирани во групата 'многу добра', оние со 60-80% во групата 'добра', институциите со 40-60% исполнетост во групата 'просечна', од 20-40% исполнетост во групата 'слаба' и од 0-20% во групата 'многу слаба' активна транспарентност.

# ВКУПНО РАНГИРАЊЕ СПОРЕД ИНДЕКСОТ НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | МНОГУ ДОБРА | |
| 1 | Велес | 83,6% |
| 2 | Битола | 80,6% |
| 2 | Струмица | 80,6% |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | ДОБРА | |
| 4 | Василево | 77,6% |
| 5 | Охрид | 76,1% |
| 6 | Крива Паланка | 73,1% |
| 6 | Штип | 73,1% |
| 8 | МЛС | 71,4% |
| 9 | МФ | 70,8% |
| 10 | Ресен | 70,1% |
| 11 | Прилеп | 68,7% |
| 12 | Ѓорче Петров | 68,2% |
| 12 | Карпош | 68,2% |
| 14 | Демир Хисар | 67,2% |
| 14 | Кратово | 67,2% |
| 16 | МВР | 66,7% |
| 16 | МП | 66,7% |
| 18 | Тетово | 65,7% |
| 19 | Гостивар | 64,2% |
| 20 | Гази Баба | 63,6% |
| 20 | Кисела Вода | 63,6% |
| 22 | Илинден | 62,7% |
| 23 | Кочани | 61,2% |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | ПРОСЕЧНА | |
| 24 | Богданци | 58,2% |
| 24 | Гевгелија | 58,2% |
| 24 | Чашка | 58,2% |
| 27 | Центар | 57,6% |
| 28 | МТСП | 57,1% |
| 29 | Делчево | 56,7% |
| 29 | Радовиш | 56,7% |
| 31 | Кавадарци | 55,2% |
| 32 | Аеродром | 54,5% |
| 33 | Вевчани | 53,7% |
| 34 | Македонски Брод | 52,2% |
| 35 | Град Скопје | 50,0% |
| 36 | Струга | 49,3% |
| 37 | Чаир | 48,5% |
| 38 | Берово | 47,8% |
| 38 | Зрновци | 47,8% |
| 40 | МЗШВ | 47,6% |
| 40 | МО | 47,6% |
| 42 | Демир Капија | 46,3% |
| 42 | Куманово | 46,3% |
| 44 | МЕ | 45,2% |
| 44 | МОН | 45,2% |
| 48 | Ново Село | 43,3% |
| 48 | Пехчево | 43,3% |
| 48 | Пробиштип | 43,3% |
| 48 | Свети Николе | 43,3% |
| 53 | МЖСПП | 42,9% |
| 53 | МНР | 42,9% |
| 55 | Дебар | 41,8% |
| 55 | Новаци | 41,8% |
| 57 | МИОА | 40,5% |
| 48 | Ново Село | 43,3% |
| 48 | Пехчево | 43,3% |
| 48 | Пробиштип | 43,3% |
| 48 | Свети Николе | 43,3% |
| 53 | МЖСПП | 42,9% |
| 53 | МНР | 42,9% |
| 55 | Дебар | 41,8% |
| 55 | Новаци | 41,8% |
| 57 | МИОА | 40,5% |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | СЛАБА | |
| 58 | Долнени | 37,3% |
| 58 | Чешиново-Облешево | 37,3% |
| 60 | Кривогаштани | 35,8% |
| 60 | Маврово и Ростуше | 35,8% |
| 62 | МЗ | 35,7% |
| 63 | МК | 33,3% |
| 64 | Валандово | 32,8% |
| 65 | Кичево | 31,3% |
| 65 | Крушево | 31,3% |
| 67 | Влада на РМ | 27,5% |
| 68 | Желино | 26,9% |
| 68 | Лозово | 26,9% |
| 68 | Студеничани | 26,9% |
| 71 | МТВ | 26,2% |
| 72 | Јегуновце | 25,4% |
| 72 | Могила | 25,4% |
| 72 | Неготино | 25,4% |
| 75 | Петровец | 23,9% |
| 76 | Дојран | 22,4% |
| 76 | Макед. Каменица | 22,4% |
| 78 | Брвеница | 20,9% |
| 78 | Врапчиште | 20,9% |

| Ранг | Институција | Резултат |
|---|---|---|
| | МНОГУ СЛАБА | |
| 80 | Градско | 19,4% |
| 80 | Конче | 19,4% |
| 80 | Липково | 19,4% |
| 83 | Бутел | 18,2% |
| 84 | Теарце | 17,9% |
| 84 | Центар Жупа | 17,9% |
| 86 | Дебарца | 16,4% |
| 86 | Росоман | 16,4% |
| 88 | Сопиште | 14,9% |
| 89 | Сарај | 13,6% |
| 90 | Зелениково | 13,4% |
| 91 | Шуто Оризари | 9,1% |
| 92 | Карбинци | 9,0% |
| 93 | Арачиново | 7,5% |
| 93 | Боговиње | 7,5% |
| 95 | Пласница | 4,5% |
| 96 | Старо Нагоричане | 3,0% |
| 97 | Чучер Сандево | 0,0% |

## ОПШТОТО НИВО НА АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ Е НАМАЛЕНО

Просечниот резултат на сите вклучени 97 институции изнесува 42,5% (од можни 100%), што според употребената градација на нивото на активна транспарентност, би значело 'просечна' активна транспарентност. Активната транспарентност бележи извесно намалување во однос на претходната година, кога просечниот резултат изнесуваше 45%.

Соодветно на тоа, најмногу институции, 35%, има во групата со 'просечна' активна транспарентност, а најмалку, 3%, во најдобрата група, со 'многу добра' активна транспарентност.




Најголем дел од институциите се наоѓаат во трите средни групи, и тоа во онаа со 'просечна' активна транспарентност 35%, со 'слаба' активна транспарентност 23% и со 'добра' активна транспарентност 21%.

**ОПШТИНИТЕ СЕ ПОДОБРИ ОД МИНИСТЕРСТВАТА, НО МИНИСТЕРСТВАТА ЗНАЧИТЕЛНО СЕ ПОДОБРИЛЕ ВО ОДНОС НА ЛАНИ**

Општините и натаму стојат подобро од министерствата и од Владата според нивото на нивната активна транспарентност. Најдоброто министерство се наоѓа на 8.-то место на ранг-листата, а нема ниту едно меѓу најдобрата група на институции со 'многу добра' активна транспарентност.

Наспроти тоа, општините се наоѓаат на првите 7 места и сите 3 институции во најдобрата група, онаа со 'многу добра' активна транспарентност, се општини. И во втората група, со 'добра' активна транспарентност, 16 од вкупно 20 институции се општини.

Од друга страна, пак, и сите 18 институции во најлошата група со 'многу слаба' активна транспарентност се општини.

Сепак, за разлика од лани, кога просечното ниво на транспарентност на општините било 45%, годинава тоа изнесува 41%, додека кај министерствата, за разлика од ланските просечни 44%, сега процентот на исполнетост на обврските изнесува 48%.

## ВЕЛЕС НАЈДОБРА, ЧУЧЕР-САНДЕВО НЕМА ВЕБ-СТРАНИЦА

На првото место, со 83,6% исполнетост на обврските за активно објавување информации, е општина Велес, по која следат општините Битола и Струмица на второто место со 80,6%. Овие три општини, минатата година беа на второто, третото и четвртото место, по лидерот Крива Паланка, која годинава падна на шестото место.

Дури три четвртини од институциите не задоволуваат со нивото на активна транспарентност, наоѓајќи се во последните три групи. 34 институции се во групата со 'просечна' активна транспарентност, 22 со 'слаба' и 18 со 'многу слаба'. На последно место со најслаба активна транспарентност е општина Чучер-Сандево, која воопшто нема активна интернет-страница.

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПОВТОРНО НАЈДОБРО

Кај министерствата, и годинава најдобро рангирано е Министерството за локална самоуправа (8. место), во групата на институции со 'добра' активна транспарентност. За разлика од лани кога ова министерство беше единствено во групата со 'добра' активна транспарентност, годинава уште три други министерства се искачија во оваа група: Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда.

Сите други министерства се во групите со 'просечна' и 'слаба' активна транспарентност. Најслабо рангирано годинава е Министерството за транспорт и врски (на 71. место), додека Владата на РМ е неколку места погоре (67. место). Министерството за економија, кое лани беше убедливо најслабо рангирано министерство (82. место), годинава е на 44. место.

## Рангирање на министерствата според активната транспарентност

| Ранг | Вк.ранг | Институција | Резултат 2017 | Резултат 2016 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 8 | Министерство за локална самоуправа | 71,4% | 64,3% |
| 2 | 9 | Министерство за финансии | 70,8% | 56,3% |
| 3 | 16 | Министерство за внатрешни работи | 66,7% | 59,5% |
| 3 | 16 | Министерство за правда | 66,7% | 54,8% |
| 5 | 28 | Министерство за труд и социјална политика | 57,1% | 54,8% |
| 6 | 40 | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 47,6% | 42,9% |
| 6 | 40 | Министерство за одбрана | 47,6% | 47,6% |
| 8 | 44 | Министерство за економија | 45,2% | 21,4% |
| 8 | 44 | Министерство за образование и наука | 45,2% | 38,1% |
| 10 | 53 | Министерство за животна средина и прост. планир. | 42,9% | 52,2% |
| 10 | 53 | Министерство за надворешни работи | 42,9% | 42,9% |
| 12 | 57 | Министерство за информатичко општество и администрација | 40,5% | 42,9% |
| 13 | 62 | Министерство за здравство | 35,7% | 31,1% |
| 14 | 63 | Министерство за култура | 33,3% | 33,3% |
| 15 | 67 | Влада на РМ | 27,5% | 25,0% |
| 16 | 71 | Министерство за транспорт и врски | 26,2% | 42,9% |

### НАЈМАЛКУ ИНФОРМАЦИИ ИМА ЗА БУЏЕТИТЕ И ЗА ФИНАНСИИТЕ

Во однос на одделните области на активната транспарентност – институциите објавуваат најмногу информации од областа на пристапот до информации, а најмалку од областа на буџетската и финансиската транспарентност.

Во делот на **пристапот до информации**, процентот на исполнетост на обврските за активно објавување на овие информации кои произлегуваат главно од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кај општините изнесува 48,3% (лани 52%), додека кај министерствата и Владата овој процент е повисок и изнесува 61% (лани исто така 61%).

Кај областа **информации за надлежноста и за услугите,** општините имаат просечна исполнетост на обврските за активна транспарентност од 38% (лани 45%), а министерствата од 61% (лани 53%).

И општините и министерствата најслабо стојат кај активното објавување информации од областа **буџетска и фискална транспарентност**, каде што од можни 100%, општините исполнуваат само 26% (лани 29%), а министерствата 18% (лани 13%) од обврските за активно објавување информации.

**Активна транспарентност по области**




Кај општините има и четврта област, која се однесува на **информациите за нивните специфични надлежности**, каде што процентот на исполнување на обврските за активно објавување информации изнесува 45%, исто како и во 2016 година.

### РЕГИОНАЛНИ ЛИДЕРИ И ГУБИТНИЦИ

Во однос на регионите, според просечните резултати, годинава најдобро стои пелагонискиот регион, а најслабо полошкиот.

# РАНГИРАЊЕ НА РЕГИОНИТЕ СПОРЕД АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| Ранг | Регион | Резултат 2017 | Резултат 2016 |
|---|---|---|---|
| | ПЕЛАГОНИСКИ | 50,9% | 50,8% |
| | ЈУГОИСТОЧЕН | 49,2% | 49,6% |
| | ИСТОЧЕН | 44,2% | 45,2% |
| | СЕВЕРОИСТОЧЕН | 42,3% | 54,5% |
| | ВАРДАРСКИ | 41,6% | 39,1% |
| | ЈУГОЗАПАДЕН | 38,1% | 43,6% |
| | СКОПСКИ | 36,9% | 40,3% |
| | ПОЛОШКИ | 31,7% | 43,8% |

Според просечните резултати, пет региони спаѓаат во групата на активна транспарентност со 40-60% на исполнетост на обврските, односно со ’просечна‘, додека преостанатите три региони се групата со 20-40% исполнетост на обврските, односно со ’слаба‘ транспарентност.

## ПЕЛАГОНИСКИ РЕГИОН (50,9%)

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | Битола | 80,6% |
| 2 | 10 | Ресен | 70,1% |
| 3 | 11 | Прилеп | 68,7% |
| 4 | 14 | Демир Хисар | 67,2% |
| 5 | 55 | Новаци | 41,8% |
| 6 | 58 | Долнени | 37,3% |
| 7 | 60 | Кривогаштани | 35,8% |
| 8 | 65 | Крушево | 31,3% |
| 9 | 72 | Могила | 25,4% |

## ЈУГОИСТОЧЕН РЕГИОН (49,2%)

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | Струмица | 80,6% |
| 2 | 4 | Василево | 77,6% |
| 3 | 24 | Богданци | 58,2% |
| 3 | 24 | Гевгелија | 58,2% |
| 4 | 29 | Радовиш | 56,7% |
| 6 | 48 | Босилово | 43,3% |
| 6 | 48 | Ново Село | 43,3% |
| 8 | 64 | Валандово | 32,8% |
| 9 | 76 | Дојран | 22,4% |
| 10 | 80 | Конче | 19,4% |

## ИСТОЧЕН (44,2%)

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 6 | Штип | 73,1% |
| 2 | 23 | Кочани | 61,2% |
| 3 | 29 | Делчево | 56,7% |
| 4 | 38 | Берово | 47,8% |
| 5 | 38 | Зрновци | 47,8% |
| 6 | 46 | Виница | 44,8% |
| 7 | 48 | Пехчево | 43,3% |
| 8 | 48 | Пробиштип | 43,3% |
| 9 | 58 | Чешиново-Облешево | 37,3% |
| 10 | 76 | М. Каменица | 22,4% |
| 11 | 92 | Карбинци | 9,0% |

## СЕВЕРОИСТОЧЕН (42,3%)

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 6 | Крива Паланка | 73,1% |
| 2 | 14 | Кратово | 67,2% |
| 3 | 42 | Куманово | 46,3% |
| 4 | 46 | Ранковце | 44,8% |
| 5 | 80 | Липково | 19,4% |
| 6 | 96 | Старо Нагоричане | 3,0% |

## ВАРДАРСКИ РЕГИОН (41,6%)

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 1 | Велес | 83,6% |
| 2 | 24 | Чашка | 58,2% |
| 3 | 31 | Кавадарци | 55,2% |
| 4 | 42 | Демир Капија | 46,3% |
| 5 | 48 | Свети Николе | 43,3% |
| 6 | 68 | Лозово | 26,9% |
| 7 | 72 | Неготино | 25,4% |
| 8 | 80 | Градско | 19,4% |
| 9 | 86 | Росоман | 16,4% |

## ЈУГОЗАПАДЕН РЕГИОН (38,1%)

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 5 | Охрид | 76,1% |
| 2 | 33 | Вевчани | 53,7% |
| 3 | 34 | М. Брод | 52,2% |
| 4 | 36 | Струга | 49,3% |
| 5 | 55 | Дебар | 41,8% |
| 6 | 65 | Кичево | 31,3% |
| 7 | 84 | Центар Жупа | 17,9% |
| 8 | 86 | Дебарца | 16,4% |
| 9 | 95 | Пласница | 4,5% |

## СКОПСКИ РЕГИОН (36,9%)

| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|---|
| 1 | 12 | Ѓорче Петров | 68,2% |
| 2 | 12 | Карпош | 68,2% |
| 3 | 20 | Гази Баба | 63,6% |
| 4 | 20 | Кисела Вода | 63,6% |
| 5 | 22 | Илинден | 62,7% |
| 6 | 27 | Центар | 57,6% |
| 7 | 32 | Аеродром | 54,5% |
| 8 | 35 | Град Скопје | 50,0% |
| 9 | 37 | Чаир | 48,5% |
| 10 | 68 | Студеничани | 26,9% |
| 11 | 75 | Петровец | 23,9% |
| 12 | 83 | Бутел | 18,2% |
| 13 | 88 | Сопиште | 14,9% |
| 14 | 89 | Сарај | 13,6% |
| 15 | 90 | Зелениково | 13,4% |
| 16 | 91 | Шуто Оризари | 9,1% |
| 17 | 93 | Арачиново | 7,5% |
| 18 | 97 | Чучер Сандево | 0,0% |

| ПОЛОШКИ РЕГИОН (31,7%) | | | |
|---|---|---|---|
| Ранг | Вк.ранг | Општина | Резултат |
| 1 | 18 | Тетово | 65,7% |
| 2 | 19 | Гостивар | 64,2% |
| 3 | 60 | Маврово и Ростуше | 35,8% |
| 4 | 68 | Желино | 26,9% |
| 5 | 72 | Јегуновце | 25,4% |
| 6 | 78 | Брвеница | 20,9% |
| 7 | 78 | Врапчиште | 20,9% |
| 8 | 84 | Теарце | 17,9% |
| 9 | 93 | Боговиње | 7,5% |

**20% од институциите не одговорија на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер**

79% од вклучените институции одговорија на барањето за слободен пристап до информациите од јавен карактер што им беше испратено ист ден и со иста содржина.

Притоа, 58% од сите институции одговорија на барањето во рамките на максималниот законски рок од 30 дена, 22% го испратиле одговорот со задоцнување, додека 20% воопшто не испратија никаков одговор.

## Одговори на барањата за слободен пристап (сите институции)







Просечниот број денови во кои е добиен одговорот е 20 (лани беше 15 дена). Одговорите на барањата до општините се примени во просечен рок од 22 дена (лани 13 дена), а од министерствата од 24 дена (лани 25 дена).

## ПОБЕДНИЦИ И ГУБИТНИЦИ

Најголем позитивна промена, во смисла на пораст на процентот на исполнетост на обврските за објавување информации во 2017 година, е остварена кај Министерството за економија, од дури 23,8 процентни поени. Со тоа, ова министерство од последното место меѓу министерствата лани, во 2017 година се искачи на осмото место меѓу министерствата. Или, во однос на вкупното рангирање, од 82.-то место лани, годинава се искачи на 44.-то место. Меѓу оние институции со најголеми позитивни промени во однос на активната транспарентност се и општините Босилово и Чаир, со повеќе од 20 процентни поени подобрување.

Спротивно, институции со најголеми негативни промени се општините Јегуновце, Ранковце, Теарце, Петровец и Сопиште, со повеќе од 25 процентни поени влошување.

Подобрување има кај 40 институции, влошување кај 46, додека 11 институции го задржале истото ниво на активна транспарентност како минатата година.

**Годишна промена во активната транспарентност (2017/2016 година)**

| Институција | Промена во процентни поени | Институција | Промена во процентни поени |
|---|---|---|---|
| Министерство за економија | 23,8 | Карбинци | 0,0 |
| Босилово | 22,4 | Велес | 0,0 |
| Чаир | 20,1 | Кичево | -1,5 |
| Кавадарци | 16,4 | Конче | -1,5 |
| Валандово | 14,9 | Струмица | -1,5 |
| Министерство за финансии | 14,5 | Карпош | -1,9 |
| Зрновци | 12,0 | МИОА | -2,4 |
| Ресен | 11,9 | Сарај | -2,8 |
| Министерство за правда | 11,9 | Шуто Оризари | -2,8 |
| Зелениково | 10,4 | Прилеп | -2,9 |
| Кривогаштани | 10,4 | Липково | -3,0 |
| Бутел | 9,2 | Дебар | -3,0 |
| Кочани | 9,0 | Дојран | -3,0 |
| Виница | 7,5 | Битола | -3,0 |
| Могила | 7,5 | Кисела Вода | -3,6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Долнени | 7,4 | Студеничани | -4,4 |
| МВР | 7,2 | Струга | -4,4 |
| МОН | 7,1 | Чешиново-Облешево | -4,5 |
| МЛС | 7,1 | Врапчиште | -4,5 |
| Росоман | 6,0 | Новаци | -4,5 |
| Свети Николе | 6,0 | Неготино | -5,9 |
| Пехчево | 6,0 | Лозово | -5,9 |
| Демир Капија | 6,0 | Берово | -8,9 |
| Македонски Брод | 5,9 | Гевгелија | -9,0 |
| Гази Баба | 5,4 | МЖСПП | -9,3 |
| МЗШВ | 4,7 | Демир Хисар | -10,4 |
| Министерство за здравство | 4,7 | Ново Село | -11,9 |
| Радовиш | 4,5 | Кратово | -11,9 |
| Ѓорче Петров | 4,0 | Центар Жупа | -13,4 |
| Василево | 3,0 | Арачиново | -13,4 |
| Делчево | 3,0 | Брвеница | -14,9 |
| Желино | 3,0 | Крушево | -15,0 |
| Влада на РМ | 2,5 | Крива Паланка | -15,0 |
| МТСП | 2,3 | Центар | -15,5 |
| Аеродром | 2,1 | Вевчани | -16,4 |
| Охрид | 1,5 | Македонска Каменица | -16,4 |
| Градско | 1,5 | Куманово | -16,4 |
| Илинден | 1,5 | Боговиње | -16,4 |
| Пласница | 1,5 | МТВ | -16,7 |
| Град Скопје | 0,7 | Пробиштип | -17,9 |
| Штип | 0,0 | Дебарца | -19,4 |
| Министерство за култура | 0,0 | Богданци | -20,9 |
| Министерство за одбрана | 0,0 | Маврово и Ростуше | -22,4 |
| Чашка | 0,0 | Јегуновце | -25,3 |
| Чучер Сандево | 0,0 | Ранковце | -26,8 |
| Старо Нагоричане | 0,0 | Теарце | -28,4 |
| Гостивар | 0,0 | Петровец | -31,3 |
| Тетово | 0,0 | Сопиште | -38,8 |
| МНР | 0,0 | | |

# **ПРИЛОЗИ:** ПРАШАЛНИЦИ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. ПРАШАЛНИК ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МИНИСТЕРСТВАТА И НА ВЛАДАТА НА РМ ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНДЕКСОТ НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### ПРВА ГРУПА ПРАШАЊА: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?
2. Дали тој посебен оддел за пристап до информации се наоѓа на основното мени, на почетната страна или до него се доаѓа со клик?
3. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?
4. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон, е-маил)?
5. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

### ВТОРА ГРУПА ПРАШАЊА: ИНФОРМАЦИИ ЗА НАДЛЕЖНОСТА И ЗА УСЛУГИТЕ

6. Дали се објавени прописи кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации?
7. Дали се објавени предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на имателот?
8. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?
9. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?
10. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?
11. Дали се објавени имиња на вработени/раководители со контакти?
12. Дали се објавени решенија во управна постапка?
13. Дали се издава информативен билтен или друг облик на информирање?

### ТРЕТА ГРУПА ПРАШАЊА: БУЏЕТСКА И ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

14. Дали е објавен буџетот на институцијата за 2017 год.?
15. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за 2016 год.?
16. Дали е објавена скратена верзија од стратешкиот план за 2017 година?
17. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки?
18. Дали се објавуваат тендерски документации за огласите?
19. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за 2017 год.?
20. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

## 2. ПРАШАЛНИК ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНДЕКСОТ НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### ПРВА ГРУПА ПРАШАЊА: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?
2. Дали тој посебен оддел за пристап до информации се наоѓа на основното мени, на почетната страна или до него се доаѓа со клик?
3. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?
4. Дали се објавени основни податоци за контакт со имателот на информацијата (адреса, телефон, е-маил)?
5. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?

### ВТОРА ГРУПА ПРАШАЊА: ИНФОРМАЦИИ ЗА НАДЛЕЖНОСТА И ЗА УСЛУГИТЕ

6. Дали се објавени прописи кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации?
7. Дали се објавени предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на имателот?
8. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?
9. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?
10. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?
11. Дали се објавени имиња на вработени/раководители со контакти?
12. Дали се објавени решенија во управна постапка?
13. Дали се издава информативен билтен или друг облик на информирање?

### ТРЕТА ГРУПА ПРАШАЊА: БУЏЕТСКА И ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

14. Дали е објавен буџетот на институцијата?
15. Дали е објавена завршна сметка на буџетот?
16. Дали е објавена скратена верзија од стратешкиот план за 2017 година?
17. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки?
18. Дали се објавуваат тендерски документации за огласите?
19. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за 2017 год.?
20. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?
21. Дали се објавуваат месечни извештаи за извршување на буџетот во 2016/17 година?
22. Дали се објавува извештај за извршување на буџетот за првите шест месеци од годината во 2016 година?
23. Дали се објавуваат податоци за јавниот долг на РМ во 2016/17 година?

## 3. ПРАШАЛНИК ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ОПШТИНИТЕ И НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ИНДЕКСОТ НА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### ПРВА ГРУПА ПРАШАЊА: ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

1. Дали има на интернет-страницата посебен оддел за пристап до информации?
2. Дали тој посебен оддел за пристап до информации се наоѓа на основното мени, на почетната страна или до него се доаѓа со клик?
3. Дали е објавено името на службеното лице за посредување со информации?
4. Дали се објавени основни податоци за контакт со иمателот на информацијата (адреса, телефон, е-маил)?
5. Дали е објавена листа на информации со кои располага институцијата?
6. Дали се објавени прописи кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации?
7. Дали се објавени предлог-програми, програми, стратегии, ставови, мислења, студии и др. слични документи од надлежноста на имателот?
8. Дали се објавени информации за надлежностите на институцијата?
9. Дали е објавен статутот на општината?

### ВТОРА ГРУПА ПРАШАЊА: ИНФОРМАЦИИ ЗА НАДЛЕЖНОСТА И ЗА УСЛУГИТЕ

10. Дали се објавени службените гласници на општината?
11. Дали се објавуваат дневните редови за седниците на Советот на општината?
12. Дали се објавуваат одлуки на советот на општината?
13. Дали се објавени услугите што ги дава институцијата?
14. Дали е објавена организациската структура (шема, органограм) на институцијата?
15. Дали се објавени имиња на вработени/раководители со контакти?
16. Дали се објавени решенија во управна постапка?
17. Дали се издава информативен билтен или друг облик на информирање?

### ТРЕТА ГРУПА ПРАШАЊА: БУЏЕТСКА И ФИНАНСИСКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

18. Дали е објавен буџетот на институцијата за 2017 год.?
19. Дали е објавена завршна сметка на буџетот за 2016 год.?
20. Дали се објавуваат квартални извештаи за извршување на буџетот во 2016/17 година?
21. Дали се објавува граѓански буџет?
22. Дали се објавуваат огласи за јавни набавки?
23. Дали се објавуваат тендерски документации за огласите?
24. Дали е објавен годишен план за јавни набавки за 2017 год.?
25. Дали се објавуваат известувања за склучен договор од јавни набавки?

## ЧЕТВРТА ГРУПА ПРАШАЊА: ИНФОРМАЦИИ ЗА СПЕЦИФИЧНИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНИТЕ

**Дали се објавуваат информации во согласност со ЗЛС, чл.8 и чл.22:**

26. Дали е објавен ГУП (информации за урбанистичкото планирање)?
27. Дали се објавуваат ДУП (информации за урбанистичкото планирање)?
28. Дали се објавуваат одобренија за градба (информации за урбанистичкото планирање)?
29. Дали се објавуваат информации за заштита на животната средина?
30. Дали се објавуваат информации за локалниот економски развој?
31. Дали се објавуваат информации за комуналните дејности?
32. Дали се објавуваат информации за културата?
33. Дали се објавуваат информации за спортот и рекреацијата?
34. Дали се објавуваат информации за социјална заштита и заштита на деца?
35. Дали се објавуваат информации за образованието?
36. Дали се објавуваат информации за здравствената заштита?
37. Дали се објавуваат информации за мерките за заштита и спасување на граѓаните?
38. Дали се објавуваат информации за противпожарната заштита?
39. Дали се објавуваат информации за надзорот над вршењето на работите од надлежност на институција?
40. Дали е објавена информација за стапката на данокот на имот што ја пропишува општината?
41. Дали е објавена информација за надоместокот за уредување на градежно земјиште?

# OPEN DATA

## Каде одат моите пари?



## КОЛКУ ПЛАЌАТЕ ДНЕВНО ЗА ФУНКЦИИТЕ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ ?

Проверете сами, брзо и лесно.

opendata.mk

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации